Република Северна Македонија
Државен архив на
Република Северна Македонија
Бр. 0101-1230/1
25.03.2021 год.
Скопје

Република Северна Македонија

**Државен архив на Република Северна Македонија**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ARKIVI SHTETËROR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Бр.-Nr.________________

____________________ 20 ___ год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на Државната управа, директорот на Државниот архив донесе:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛ
# ВО ДРЖАВНИОТ АРХИВ

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот со кој се дефинираат главните цели и принципи на процесот на дигитализација на архивски материјал во Државниот архив на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Државниот архив).

### Член 2

Овој Правилник ги утврдува принципите на работниот процес кај сите извршители кои се вклучени во процесот на дигитализација на архивскиот материјал и е заедничка основа за сите други методолошки документи и активности поврзани со изградба на Дигиталниот архив на Државниот архив.

## II. ИЗГРАДБА НА ДИГИТАЛНИОТ АРХИВ

### Член 3

Изградбата на Дигиталниот архив е долгорочна стратешка иницијатива во рамките на политиката на Државниот архив за проширување и олеснување на пристапот до сочуваниот/депонираниот архивски материјал на ниво на современите барања.

### Член 4

Изградбата на Дигиталниот архив е збир на меѓусебно поврзани активности, вклучувајќи и избор на архивски материјал за дигитализација, креирање на дигитални слики и соодветни метаподатоци, контрола на квалитетот, долгорочно сместување и чување, обезбедување на пристап и користење на дигиталните слики.


Државен архив на Република Северна Македонија
Кеј „Димитар Влахов“ бр.19, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 311 5783
+389 2 311 5734
www.arhiv.gov.mk

Член 5

Изградбата на Дигиталниот архив се спроведува во директна врска и во координација со другите активности што ги спроведува Државниот архив: подготовка и подобрување на научно-истражувачкиот апарат, обезбедување на пристап до архивски документи и нивно промовирање, складирање и чување на архивскиот материјал и др.

Член 6

Дигиталниот архив се гради во рамките на унифициран, централизиран концепт, базиран на примена на унифицирани барања и принципи во согласност со современите барања и најдобрите практики во областа на дигитализацијата на архивскиот материјал.

## III. ГЛАВНИ ЦЕЛИ НА ДИГИТАЛНИОТ АРХИВ

Член 7

Главните цели на Дигиталниот архив се:

- Олеснување на пристапот на корисниците на архивските информации до дигитални копии на архивски документи преку Интернет;
- Проширување на кругот на корисници на архивски информации;
- Подобрување на квалитетот и проширување на типот на услугите обезбедени од Државниот архив;
- Подобрување на чувањето на оригиналните архивски документи со намалување на нивната употреба на сметка на висококвалитетни дигитални замени;
- Креирање на нови можности за збогатување со информации и додавање на вредност преку индексирање, развивање на алгоритми за пребарување и слично;
- Обезбедување на можности за Државниот архив да учествува во национални и меѓународни проекти поврзани со онлајн пристап до архивски документи.

## IV. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ ПРИ ИЗГРАДБА НА ДИГИТАЛНИОТ АРХИВ

Член 8

Основните принципи при изградба на Дигиталниот архив се:

- Гаранција на безбедноста и физичката состојба на архивските документи во сите фази и активности при нивната дигитализација;
- Реставрација на оштетени документи или документи во загрозена физичка состојба пред нивната дигитализација;
- Изработка на дигитални мастер објекти со највисок можен квалитет за да се обезбеди нивна употреба во најширокиот можен спектар на кориснички потреби со минимална потреба за повторно скенирање на дигитализиран извор;

- Максимален можен кредибилитет - максимално приближување кон карактеристиките на дигитализираниот извор како единствен физички објект;
- Неутралност на дигиталните мастер објекти кон специфични цели за користење;
- Дигитализација исклучиво на архивските документи кои се научно-технички обработени од страна на вработените во Секторот за средување и обработка на архивски материјал во Државниот архив;
- Прецизен избор на архивски документи за дигитализација, базирани на заеднички принципи, критериуми и приоритети;
- Усогласеност со важечкото законодавство во областа на пристапот и користењето на архивските документи и нивните копии.

## V. ПРЕДМЕТ НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

### Член 9

Предмет на дигитализација на Дигиталниот архив е архивскиот материјал кој се чува во депоата на Државниот архив.

### Член 10

Во посебни случаи, може да се врши дигитализација на документи што ги поседуваат други физички и правни лица, а кои ги исполнуваат пропишаните критериуми. Дигитализацијата на овие документи и вклучувањето на изготвените дигитални објекти во базата на податоци на Дигиталниот архив ќе се врши со посебна дозвола од директорот на Државниот архив.

### Член 11

Активностите во врска со изборот, скенирањето, обработката, контролата на квалитетот, корекцијата, складирањето и чувањето, користењето и дистрибуцијата на дигиталните слики се регулираат со посебни документи.

### Член 12

Дигиталниот архив вклучува централно администрирана база на податоци за дигитални слики од архивски документи, поврзани метаподатоци и, каде што е можно, текстуални транскрипции на документи во електронски формат.


Државен архив на Република Северна Македонија
Кеј „Димитар Влахов“ бр.19, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 311 5783
+389 2 311 5734
www.arhiv.gov.mk

VI. ДИГИТАЛНИ ОБЈЕКТИ

Член 13

Основните елементи на Дигиталниот архив се дигиталните објекти. Дигиталните објекти ги претставуваат архивските документи во целост и ги вклучуваат сите дигитални снимки што ги претставуваат нивните компоненти. Секој дигитален објект одговара на запис на метаподатоци, вклучувајќи го и архивскиот опис.

Член 14

Дигиталните објекти и метаподатоци се изработуваат од страна на вработените во одделенијата на Државниот архив.

Член 15

Во некои случаи, во рамки на заеднички проекти, договори и сл., дигиталните објекти за Дигиталниот архив може да бидат подготвени и од поединци, компании и организации надвор од Државниот архив. Во овие случаи, метаподатоците во делот за описот на архивските единици се подготвуваат од страна на надворешните соработници, каде што се чуваат архивските документи.

Член 16

Сите дигитални објекти наменети за Дигиталниот архив, без оглед дали се креирани во организационите единици на Државниот архив или од страна на физички или правни лица надвор од Државниот архив, се подготвуваат во согласност со сите документи, кои ги регулираат постапките за изградба на Дигиталниот архив на Државниот архив.

Член 17

Контролата на квалитетот, насоките за корекции на дигиталните објекти и метаподатоците за нив, општото упатство, координацијата и контролата на активностите за дигитализација, методолошката помош на вработените, вклучувањето на дигиталните објекти во базата на податоци на Дигиталниот архив, нивното складирање и чување, развојот на методолошката основа, се врши на централно ниво од страна на вработените во Централниот дел на Државниот архив (Секторот за информатичка технологија и дигитализација на архивски материјал).

Член 18

Дигиталните објекти се подготвуваат во две верзии: архивски (мастер) и работни верзии. Дигиталните мастер објекти се изготвуваат со висок квалитет како извори на изведените дигитални објекти за различни сегашни и идни потреби на корисниците. Сите дигитални мастер објекти се предмет на проверка на квалитетот на централно

Република Северна Македонија

**Државен архив на Република Северна Македонија**

ниво пред да бидат вклучени во базата на податоци на Дигиталниот архив. Обемот, структурата и карактеристиките на дигиталните мастер објекти, како и принципите за нивна подготовка, верификација, корекција, складирање и употреба, се уредуваат со посебни документи. Работните верзии, односно изведените дигитални објекти, по потреба се подготвуваат од дигиталните мастер објекти како нивни замени за специфични цели на користење и дистрибуција.

Член 19

Дигиталните објекти вклучени во Дигиталниот архив не претставуваат заштитни копии на архивските документи и не можат да ја вршат функцијата на нивна замена во случај на уништување или загуба.

Член 20

Дигиталниот архив не ја заменува заштитната микрофилмска копија на архивските фондови.

Член 21

Процесите на изградба, управување, контрола на квалитет, складирање, чување и користење на Дигиталниот архив, како и пристапот до дигиталните слики и контролата врз нив се спроведуваат преку Секторот за информатичка технологија и дигитализација на архивски материјал во Државниот архив.

Член 22

Другите проекти и активности поврзани со дигитализацијата на архивските документи и употребата на дигитални слики се во согласност со овој Правилник и други документи кои се однесуваат на изградбата на Дигиталниот архив.

Член 23

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Изработил: м-р Емилија Роп

Контролирал: Горан Стојковски

Одобрил: м-р Сашо Јанкуловски

ДИРЕКТОР,

д-р Емил Крстески